# Слечи се гол кога одиш на гости кај пријател



*Работава не е за по телефон.- Сашко Коцев се слече за да објасни како ќе не́ зближи прислушувањето*



Сашко Коцев се слече речиси гол за да објасни како во денешно време треба да се оди на гости кај пријател, во свој сатиричен стил - слечи се за да те проверат дали прислушуваш. Во знакот на најновите политички случувања во Македонија, со многу добра музика и со препознатлив хумор на кој се смееше и позицијата и опозицијата, помина полнолетството на манифестацијата "Златна бубамара на популарноста".

Според сценариото, одличниот водител Сашко Коцев штрајкуваше, па си доби заменски водители, шармантните млади глумци Тино Костадиновски и Атанас Атанасовски, кои, во стилот на студентите-пленумци, побараа автономија и решија да преспијат во Универзалната сала. Така, Тино и Атанас подоцна станаа придружен бенд на Сашко, наречен "Хонорарци", кој 35-те проценти од давачките ги стави во кутија, па ги




*"Коза ностра" награден за најпопуларен сајт*



*Одлично шоу на заменските водители.- Актерите Тино и Атанас*



*Историски настап на Игор Џамбазов, Гуру Харе и на Влатко Стефановски со "Уште една цигла во ѕидот" од "Пинк флојд", посветена на Студентскиот пленум*